Во рамките на проектот „Зголемување на механизмите за зајакнување на судската етика - споделување на најдобрите практики во регионот и ЕУ“ поддржан од МАТРА програмата на Холандската амбасада во Македонија,

Здружението на судии на Република Македонија има потреба од ангажирање на

# КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТ

во областа на правосудството, за период од 15 (петнаесет) месеци:

**Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- Универзитетска диплома во областа на правото и правните науки,
- Најмалку 3 години искуство во работа на проекти,
- Познавање на правниот поредок и тековните состојби во областа на правото и правосудството,
- Солидно познавање на сите аспекти при планирањето и имплементирањето проектен циклус,
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик,
- Одлично познавање на MS Office и работа со компјутери,
- Одлични вештини во комуникација со избрани и именувани лица,
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите, и посветеност кон организациските цели и целите на проектот.

**Координаторот ќе ги извршува следниве задачи:**

- Соработка со различни претставници од областа на правосудството, а пред сè со судиите и судовите во Република Македонија
- Координирање на задачите со назначените странски и домашни експерти за потребите на проектот,
- Координирање седниците на Етичкиот совет на судиите и активно учество во истите,
- Редовно известување и информирање за работата пред Претседателот и Управниот одбор на Здружението на судии на Република Македонија ,
- Редовно контактирање и известување на донаторот,
- Промоција на проектот и проектните цели,
- Давање препораки за подобрување на состојбите во областа на проектното делување.

Доколку сте заинтересирани и сакате да го имплементирате вашето знаење како дел од нашиот тим, ве молиме вашето CV и мотивациско писмо да го доставите најдоцна до вторник, 12.06.2018 година на: mja@mja.org.mk